# Г О Д И Ш Е Н     И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА

## ОУ „КОЛЕ КАНИНСКИ“
## ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

**БИТОЛА, Август 2023 ГОДИНА**

1. ***Вовед***

Учебната 2022/2023 година **започна на 01. 09. 2022 година** (четврток), според Календарот за организирање и работа на основните училишта во учебната 2022/2023 година донесен од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија објавен на 09.08.2023 година во Службен весник на РСМ . Училниците, кабинетите, холовите и сите други простории во матичното училиштето и подрачните училишта беа подготвени според протоколите и укажувањата на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на РСМ. Исто така, централното училиште и подрачните училишта беа украсени пред почетокот на учебната година. На првиот училишен ден во централното училиште и подрачните училишта беа организирани приредби и свечен прием на првачињата. Менаџерскиот тим на училиштето и стручната служба, им посака многу здравје, среќа и успех на првачињата и на сите други ученици во нашето училиште.

Изготвени беа годишните програми за работа на училиштето, за работа на Наставничкиот Совет, педагошко-инструктивната работа на директорот, пом. директорот, педагогот, психологот, библиотекарот, Интегрирање на еколошкото образование во македонскиот образовен систем, Намалување на насилството во училиштето, Ученичкиот Парламент, Работа со надарени и талентирани ученици, Работа со ученици со посебни образовни потреби, Грижа за здравјето на учениците, Професионален и кариерен развој на вработените, Професионална ориентација на учениците, Меѓуетничка интеграција на младите во образованието, Работа на Училишниот инклузивен тим, Евакуација, Училишен спорт, Советот на Родители, Училишниот Одбор и сите наставници. Истите Наставничкиот Совет и Училишниот Одбор ги донесоа на седниците одржани на **06. 07. 2022 година.**

Учебната 2022/2023 година започна под раководство на Директор м-р Зоран Мирчевски и Пом. директор Лидија Недановска. Од 13.01.2023 година Директор на ООУ-Коле Канински е Дијана Христовска и Пом. директор Ивона Вељаноска.

2. ***Преглед на ученици, изостаноци и среден успех***

Вкупниот број на ученици во ОУ „Коле Канински" е **803 ученици (ученици од машки пол 405 ученици од женски пол 398) во 50 паралелки,** и тоа 641 ученици во матичното училиште, 61 ученици во ПУ Буково, 107 ученици во ПУ Буковски ливади, 8 ученици во ПУ. Поешево. Вкупниот број на ученици во одделенска настава е 429, додека во предметна настава е 377 ученици. Според бројот на ученици во трите воспитно-образовни периоди состојбата е следна: прв период (прво, второ и трето одделение вкупно 129 ученици), втор период (четврто, петто и шесто одделение вкупно119 ученици, трет период (седмо, осмо и деветто одделение вкупно157 ученици). Просек на ученици по паралелка изнесува **16** ученици. Сите 803 ученици го завршија соодветното одделение и преминаа во наредното одделение. Само еден ученик од осмо одделение, беше упатен на одделенски испит по два наставни предмети, кој ги положи со Доволен успех. Исто така сите 803 ученици имаат примерно поведение. Според етничката припадност 775 ученици се македонци, додека другите 28 ученици се од другите етнички заедници (српска, албанска, ромска, влашка, турска и други).

Среден успех на ниво на ОУ" Коле Канински" на крајот од учебната 2022/2023 година е **4,34**, односно за 0,05 повисок од средниот годишен успех во предходната учебна година. Ова учебна година бројот на оправдани изостаноци на учениците е 21545, а неоправдани 768 или вкупно 22313 изостаноци. Бројот на изостаноците во споредба со минатата учебна година е поголем за 2818 изостаноци. Просек на изостаноци по ученик изнесува **27,79**. Другите поконкретни податоци се презентирани во **Табеларниот извештај.**

***Воспитно-образовна дејност***

Наставата се изведуваше според програмите донесени од БРО и МОН, и Календарот за организирање и работа на основните училишта во учебната 2022/2023 година, од 01.09.2022 година се до 14.06. 2023 година со вкупно 181 работни денови . Вкупните планирања за учебната 2022/2023 година се целосно реализирани како во задолжителната настава, изборната настава така и во другите видови настава . **Полугодишниот распуст** требаше да трае од 31. 12. 2022 година до 17. 01. 2023 година. Но, со Допис од МОН, полугодишниот распуст беше продолжен до 22.01.2023 година, додека второто полугодие започна на 23.01.2023 година (понеделник).

**Уписот на првачиња** за новата 2022/2023 учебна година се реализира во месец мај, почитувајќи ги насоките од МОН и Законот за основно образование. Вкупно беа запишани 78 првачиња, и тоа 63 првачиња во централното училиште, во ПУ с. Буково не се зашишани првачиња, 2 првачиња во ПУ с. Поешево и 13 првачиња во ПУ н. Буковски ливади.

Целокупната работа во текот на учебната година беше следена од директорот, пом. директорот, стручната служба на училиштето (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор), ДПИ и советниците од БРО. Целосно се реализирани наставните програми за сите видови настава. Посетени беа часови во одделенска настава и предметна настава. На часовите на одделенската заедница беа реализирани содржини од Програмата образование за животни вештини. Одржани се планираните родителски состаноци и навремено доделени евидентните листови.

Државен просветен инспектор во текот на првото полугодие изврши увид на педагошката евиденција и документација, целокупната педагошко-психолошка документација на учениците запишани во прво одделение, уписот на нашите ученици кои завршија деветто одделение во средно образование и досието на секој вработен. Исто така, Државен просветен инспектор изврши увид на квалитетната реализација на наставни програми, примената на современи техники и методи за активна настава, воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби, учениците со потешкотии, работата на УИТ-Училишниот инклузивен тим.

За учениците од прво до деветто одделение навремено од МОН беа нарачани 3943 бесплатни учебници, беа доставени од МОН вкупно 3094 бесплатни учебници, додека 849 не беа доставени. Училишната библиотека поседува 14011 книги со вкупно 4548 наслови.

Ова учебна година воспитно-образовниот процес се реализира во прво одделение, второ одделение, четврто одделение и петто одделение по новите наставни програми од концептот на деветгодишно образование (за наставниците беа организирани обуки од БРО). Според измените во наставниот план учениците во шесто одделение избираат еден изборен предмет од понудените три: Етика на религиите, Класична култура на европската цивилизација и Запознавање со религиите (во согласност на добиените податоци од спроведената анкета учениците од шесто одделение ова учебна година ги изучуваат изборните предмети Етика во религиите во матичното училиште и ПУ Буково). Во седмо одделение според добиените податоци од спроведената анкета учениците го изучуваат изборниот предмет Вештини на живеење, во осмо одделение Проекти од Информатика и Нашата татковина, додека во деветто одделение учениците ја следат наставата по Техничко образование. Како втор странски јазик според анкетирањето на учениците и согласност на родителите е избран Германски јазик во шесто одделение. Настава по изборниот предмет Јазик и култура на власите, се реализираше од второто полугодие, со вкупно 15 ученици од трето до деветто одделение во матичното училиште.

Во текот на учебната година континуирано работеа **шест стручни активи** според содржини од програмите за работа и тоа:

- Стручен актив за одделенска настава/претседател Оливера Михајловска;
- Стручен актиз за јазична група на предмети/претседател Марија Пискачева;
- Стручен актив биологија, хемија и природни науки/претседател Соња Лекоска;
- Стручен актив историја, географија, граѓанско образование, етика и етика на религиите/претседател Васко Иванов;
- Стручен актив музичко, ликовно и ФЗО претседател/ Сашо Велјановски;
- Стручен актив математика, физика, ТО, информатика и Иновации претседател/ Наташа Николоска.

Исто така, редовни седници одржаа деветте одделенски совети и Наставничкиот Совет, според годишните програми за работа.

**Училишниот Одбор** го сочинуваат седум членови и тоа три од редот на Наставничкиот Совет, три од редот на Советот на родители и еден претставник од локалната управа. Седниците редовно се одржуваа со физичко присуство во просториите на училиштето.

### *3. Соработка на основното училиште со родителите/старателите на учениците*

Во текот на учебната година **Советот на Родители** (вкупно 50 родители), со ангажираност на претседателот на Советот на Родители Марија Наумовска успешно работеше. Родителите на нашите ученици активно учествуваа на родителските состаноци, каде што заеднички ги решаваа проблемите на кои се наидуваше.

Во организација на Советот на родители, беа реализирани две трибини во ННУ Библиотека Св. Климент Охриски Битола: **Поттикнување на самодоверба кај учениците** на 03.04.2023 година и **Избери ја својата професија** на 19.04.2023 година

Училишниот психолог реализираше **советувања на родители** чии ученици покажуваа слаби постигања по три и повеќе наставни предмети и имаа повеќе од десет неоправдани изостаноци. во текот на првото полугодие и второто полугодие. Сите поканети родители дојдоа на советувањето кое се реализира прва средба на 22 ноември 2022 година и втора средба 7 декември 2022 година. Вкупно советувани родители беа 16, од кои 15 за намален училишен успех, додека еден родител континуирано цела учебна година беше советуван за своето дете (ученик во осмо одделение) заради намален училишен успех и голем број на оправдани и неоправдани изостаноци). Исто така, училишниот психолог реализира советувањето на ученици кои покажуваат слаби постигања по три и повеќе наставни предмети и повеќе од десет неоправдани изостаноци. **Советувањето со учениците** беше реализирано на: прва средба ученици од седмо, осмо и деветто одделение на 23 ноември 2022 година и втора средба 7 декември 2022 година. Во текот на второто полугодие беа реализирани две советување. Првото советување се реализира 01.03.2023 година, второто советување се реализира на 18.03.2023 година. Вкупно беа советувани 5 родители за намален училишен успех и еден родител континуирано цела учебна година беше советуван за своето дете (ученик во осмо одделение) заради намален училишен успех и голем број на оправдани и неоправдани изостаноци).

### 4. *Грижа за здравјето и безбедноста на учениците*

Грижата за здравјето на сите ученици е континуирана во текот на цела учебна година, од страна на наставниците, стручната служба, службата за школска амбуланта и стоматолошка превентивна амбуланта. На одделенските часови според програмата Образование за животни вештини, особено внимание се посветуваше на здравјето и сигурноста на учениците.

Сите учениците спред календарот за систематски прегледи, календарот за имунизација и календарот за залевање на забите, ги реализираа активностите за грижа за здравјето во Службата за школска амбуланта и Стоматолошка превентивна амбуланта во ЈЗУ Здравствен дом Д-р Хаим Абриванел во Битола. Беа реализирани сите планирани систематски прегледи и вакцинации според здравствениот календар.

Учениците се осигурани во осигурителна компанија **ВИНЕР.** ОУ-Коле Канински е осигурано од страна на Општина Битола. Централното училиште го обезбедува Агенцијата за обезбедување **ГАРДА.**

### 5. *Унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција на младите во образованието*

Во нашето училиште веќе седма учебна година се спроведуваат активности за меѓуетничка интеграција во образованието во согласност со спроведените обуки од ПМИО.
Училишниот тим МИМО во нашето училиште го сочинуваат: Санела Никодиновска (координатор) , Ирена Богданоска, Стефан Поповски, Васко Иванов и Марија Наумовска-претседател на Совет на родители. Училишниот тим заедно со наставниците, учениците и претставници од родителите во нашето училиште во текот на учебната година реализираа повеќе мимо-активности (со физичко присуство и онлајн). Мимо активностите беа реализирани на одделенските часови со програмите Образование за животни вештини, редовна настава, слободни ученички активности.

.

### 6. *Инклузивно образование*

Од мај 2015 година нашето училиште е вклучено во програмата Инклузивно образование за ранлива група ученици во организација БРО, МОН, УНИЦЕФ, и МЦГО. Формиран е тим за инклузивно образование под координаторство на д-р Аница Златевска. Тимот за инклузивно образование континуирано ги следи сите обуки, реализира дисеминација, одржува состаноци, соработува со Ресурсниот центар за родители со деца со посебни потреби. Од октомври 2022 година за поквалитетен инклузивен воспитно-образовен процес се вработи Елена Нојкова-Видановска специјален едукатор и рехабилитатор.

Со 33 ученици од прво одделение што имаат проблеми со говорот, логопетски третмани реализира логепедот Наташа Бајовска.

Со програмата Инклузивно образование за ранлива група ученици сите наставници и стручни работници ги подобрија своите стручни компетенции за работа со сите ученици, исто така се подобри соработката со родителите на децата од сите ранливи групи.

Од септември 2022 година со 4 наши ученици со посебни образовни потреби. според МКФ проценката, работаат 4 образовни асистенти, вработени во РЦ Кочо Рацин Битола и 1 личен асистен вработен во Црвен Крст Битола. Со предходно добиена согласност од родителите и

целокупна документација за секој ученик. Образовните асистенти посетија обука за нивната работа, секој месец доставуваат извештај за нивната работа, соработуваат со инклузивниот тим, соработуваат со наставниците и родителите. На 06.10.2017 година свечено беше отворен инклузивниот кабинет, кој минатата учебна година беше опремен со асистивна технологија, компјутер со инсталирани едукативни програми за поддршка и развој на учениците, печатар и дидактички помагала од НВО Здружението за асистивна технологија Отворете ги прозорците. Во текот на учебната година се работеше на индивидуална поддршка на учениците со посебни образовни потреби и потешкотии од страна на психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор, логопед и образовните асистенти со почитување на постапката за работа.

## 7. *ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ*

### ДИГИТАЛНА МОЌ –ПРВА МОБИЛНОСТ ВО ГЕРМАНИЈА

Во периодот од 28.11.2022 - 02.12.2022 година беше реализирана првата мобилност во Гермија од Еразмус + проектот „Дигитална моќ“. Во првата мобилност зедоа учество вкупно пет учсеници и тоа двајца наставници од „Коле Канински“, Елена Петков, наставник по германски јазик, која е исто така и координатор на проектот, Методиј Богоев, наставник по географија и Зоран Мирчевски, директор на ОУ „Коле Канински“ заедно со две ученички, Стефанија Марковска и Андреа Цветковска. На првата мобилност, наставниците, директорот и учениците го посетија училишниот центар ,, Gemeinschaftsschule Athengstett “ во градот Алтенгштет, во близина на Штутгарт.

Главната цел на проектот„Дигитална моќ“ е ефикасно користење на дигиталните алатки за образовни цели. Подобрата употреба на иновациите и дигиталната технологија ни овозможува да го поддржиме развојот на нашите студенти на релевантни дигитални компетенции потребни за учење во ера на брзи дигитални промени.

Мобилноста се состоеше од 3 главни активности. Првата активност се однесуваше на општо запознавање на партнерите и исто така стекнување на интерес од други заинтересирани страни, како што се ученици кои не учествуваат и наставници во Еразмус-проектот. Културни штандови за секој партнер беа поставени во нашиот училишен аудиториум. Секој партнер покажа производи, сувенири, храна, брошури, видеа и фотографии кои најдобро ја претставуваат сопствената култура. Сите учесници имаа можност да ја научат меѓусебната култура и да комуницираат на нивниот странски јазик англиски.

Активност 2: Главниот фокус на активностите во Германија беше биониката. Учениците најпрвин добија вовед во темата, а потоа го продлабочија вниманието со помош на комплетите за бионика. Учениците заедно експериментираа и учеа за основните принципи на биониката и основите на научната работа со различни експерименти. Со помош на придружните наставни материјали тие се води низ сите чекори. Целта е да се изгради бионски инспир робот по моделот на природата и да се контролира од далечина со мобилни уреди како таблети или паметни телефони.Учениците работеа во групи од различни националности со цел подобро да се запознаат со ова и да ја зајакнат соработката .

Активност 3: Сите ученици таму имаат свој iPad за училиште и со него тие можат да пристапат до мултимедијални содржини од интернет во секое време преку WLAN мрежата, да прикажуваат свои презентации или да ја направат работата достапна за другите ученици или наставниците. Учениците и наставниците имаа можност да ги посетат часови за iPad и да искусат . За време на размената на искуства со наставниците и учениците кои учествуваат, тие би можеле да научат за предностите и недостатоците на работа со iPad.

## ДИГИТАЛНА МОЌ – ВТОРА МОБИЛНОСТ ВО ХРВАТСКА

Во периодот од 08.05.2023 - 12.05.2023 година беше реализирана втората мобилност во Хрватска, Винковци од Еразмус + проектот ,,Дигитална моќ„ . Во втората мобилност зедоа учество вкупно пет учесници и тоа двајца наставници од „Коле Канински“, Елена Петков, наставник по германски јазик, која е исто така и координатор на проектот, Александар Трајковски, наставник по информатика и Ивона Вељаноска, заменик директор на О.У. „Коле Канински“ заедно со две ученички, Марта Педевска и Тамара Корлеска.На втората мобилност, наставниците,заменик директорот и учениците го посетија училиштето ,, Руџер Бошковиќ “ во градот Винковци , во Хрватска.

Главната цел на проектот„Дигитална моќ“ е ефикасно користење на дигиталните алатки за образовни цели. Подобрата употреба на иновациите и дигиталната технологија ни овозможува да го поддржиме развојот на нашите студенти на релевантни дигитални компетенции потребни за учење во ера на брзи дигитални промени.

Мобилноста се состоеше од 3 главни активности. Првата активност се однесуваше на запознавање на партнерите, а мобилноста започна со активности за запознавање на сите учесници во оваа Еразмус мобилност. Сите учесници имаа можност да се запознаат меѓусебно и да комуницираат на странски јазик односно на англиски јазик. Потоа следуваше посета на часовите на кои се користат различни дигитални алатки заедно со употреба на дигитални компетенции.

Активност 2: Главниот фокус на мобилноста во Хрватска беше виртуелната реалност. Оваа активност започна со излет кон местото Сопот .На местото Сокачки Стан учениците и наставниците учествуваа во работилница која се вика виртуелна реалност. Работилницата започна со предавање на професорот Владимир Врањевиќ ,а потоа продолжи со употреба на 3Д наочари за виртуелна реалност на која учествуваа учениците и наставниците и со тоа на практичен начин го продлабочија знаењето. Како завршна активност учениците имаа дигитален квиз за да го повторат знаењето за дигитални алатки. Учениците работеа во групи од различни националности со цел подобро да се запознаат и да ја зајакнат соработката .

Активност 3: Активноста започна со посета на местото Оточки Вирови ,а потоа следуваа презентации на учениците. Презентациите и постерите беа изработени со апликацијата Canva . Првата група изработи презентација и постер за Винковци и неговите знаменитости. Втората група изработи видео за општината Вуковар ,а третата група изработи колумна за весник во врска со Еразмус+ мобилноста во Хрватска . Потоа следуваше доделување на сертификатите за учество на сите учесници како завршна активност .

### *8. Ученичко организирање и учество*

**Ученичкиот Парламент** активно работеше во текот на учебната година под раководство на наставничката по Граѓанско образование Снежана Брзовска и претседателот на УП Михаела Биневска од 8/4 одделение, заменик претседател Ана Марчевска 9/5 одделение.

Четврта учебна година според насоките од МОН и БРО, нашето училиште е соработник на Коалиција СЕГА и Детската фонтација ПЕСТАЛОЦИ и дел од програмата **УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ.** На објавениот Јавен повик до учениците од шесто, седмо, осмо и деветто одделение за избор на Ученик правобранител и заменик ученик правобранител се јавија шест

ученици. За ученик правобранител беше избран Евгенија Поп Стефановска 9/2 одделение, за заменик ученик правобранител беше избран Михаил Велјановски 9/1 одделение.

На 07. 10. 2022 година (петок) во нашето училиште се организира приредба и свечен прием на сите првачиња во Детската Организација под мотото: **Другарството е дел од детската среќа!**

## 9. *Обуки, проекти, настани и конференции*

Во текот на учебната 2022/2023 година се реализираа следните **обуки, проекти, семинари и конференции:**

1. **"Унапредување на менталното здравје на учениците",** кој се реализираше преку темите: Грижа за менталното здравје; 1-ви декември светски ден за борба против Сида-та; Заштита од алкохол и дрога; Превенција од инфлуенца Х1Н1; Вакцина ХПВ;
2. Нашето училиште е вклучено во проектот со **Педагошки Факултет** Идентификација и работа со надарени и талентирани деца (координатор е училишниот психолог);
3. На 09.06.2023 година во организација на Меѓународен Славјански Универзитет, се одржа 14-та меѓународна научна **конференција**, со својот труд: Разрешување на меѓуврснички конфликти , учествуваа училишниот педагог Светлана Глигоровска, училишниот психолог д-р Аница Златевска и специјалниот едукатор и рехабилитатор Елена Нојкова -Видановска;
4. На двете обуки во реализација на **ЦЕС Академија** учествуваа наставниците од одделенска настава и предметна настава.
5. Нашето училиште има потпишано меморандум за соработка со Педагошки Факултет при УКЛО и Факултетот по Психологија од Меѓународниот Славјански Универзитет, со што континуирано доаѓаат студенти на пракса.
6. **Здружение за асистивна технологија - Отворете ги прозорците**, ПРОЕКТ: Инклузија на деца со посебни образовни потреби (ПОП) во организација на „Отворете ги прозорците" со поддршка од Детската Фондација Песталоци. Децата со ПОП имаат потреба од дополнителна поддршка, индивидуализиран пристап и модифицирани часови за да продолжат да учат од дома. Реализирани беа обуки за наставници и родители за Асистивна технологија, Детски права, Мултикултурализам, Методи , Градење партнерство со родителите и вклучување на родовата перспектива во училишните активности, Работа со интерактивни табли, Техники и алатки за работа со ученици со ПОП и Универзален дизајн за учење. Добиена беше донација 9 таблети, два печатари, две бели интерактивни табли, нагледни средства и асистивна технологија. Под раководство на директорот, пом. директорот, стручната служба и ангажираноста на сите наставници и ученици три годишниот проект успешно заврши. **Завршниот настан** се одржа во Скопје на 19.12.2022 година, каде што присуствуваше координаторот на проектот во нашето училиште-училишниот психолог.
7. Во организација на **РЦ Кочо Рацин** се реализа онлајн состанок за поднесување на барања за образовни и лични асистенти за деца со наод и мислење и за деца без наод и мислење односно со потешкотии.
8. На 24.09.2022 г. учениците од 4-3 одд. учествуваа на два настани: - ликовна работилница „**Цртаме за мир"** во организација на Ротари клубот Широк сокак во чест на Татјана Петровска, по повод денот на мирот 21.09. -промоција на Антологијата „Широк сокак" во која сите 18 ученици учествуваа со песни и творби на манифестацијата „Ако одам во Битола". Настанот е во организација на Фондацијата Такец по повод 100 години од раѓањето на нашиот познат новинар и публицист Димитар Димитровски Такец.

9. 15.11. 2022 Во соработка со Центар за човекови права „Амос"- Битола, денес со учениците од 4-3 одд. се реализираше работилница на тема: **,,Детски права"** и на тој начин, достојно се одбележаа Меѓународниот ден против секаков вид насилство врз децата (19 ноември) и Меѓународниот ден на детето (20 ноември).
10. Учениците што го изучуваат изборниот предмет Јазик и култура на Власите учествуваа на Свечаната академија во Скопје, **по повод на Меѓународниот ден на Власите** на 21.05. 2023 година, кои ги беа под менторство на наставничката по влашки јазик Моника Дервеновска.
11. Со одобрено мислење од БРО и МОН и допис за реализација од АС-Анима, во нашето училиште се спроведе тестирање на ученици второ одделение до деветто одделение, за стандардизација на тестот **ТМТ**-Тест за бележење на траги;
12. Федерација на училишен спорт на Македонија-Проект Фудбал во училиштата за ученички од четврто и петто одделение. Координатор Александра Здравевска.
13. Проект Биди ИН, биди ИНклузивен, биди Инклудиран, е дел од Фондацијата Чекор по чекор, стипендист е наша ученичка од второ одделение со посебни образовни потреби.
14. Инклузивниот проект: **Децата не се раѓаат со предрасуди** во организација на НВО Дајте ни крилја, беше успешно реализиран во текот на првото полугодие.
15. На семинарите организирани од **БРО и МОН** континуирано присуствуваат нашите наставници и стручната служба (педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор).
16. Активности со КИЦ: Нашиот креативен тим во соработка со КИЦ - Битола, оствари еден неверојатен настан - драматизација на "Чорбаџи Теодос" од македонскиот драмски писател Васил Иљоски, изведена од нашите талентирани ученици. Нивната сценска појава беше блескава, покажувајќи го нивниот извонреден талент и способност. Овој настан беше резултат на посветеноста и непрекинатата поддршка на две извонредни наставнички, Наташа Лозановска и Кристина Ташевска. Нивната преданост, ангажман и наставнички пристап им помогна на учениците да го исполнат својот потенцијал. Горди сме на нашите ученици, а нивното постигнување го чувствуваме како исказ на нашата успешна мисија - да ги откриваме, поттикнуваме и мотивираме нашите ученици да го искористат својот потенцијал во правилна насока.
17. По повод Меѓународниот ден на лицата со Даунов синдром, нашето училиште успешно спроведе низа настани и активности. Нашите вредни и талентирани ученици од одделенска настава, водени од нивните ментори, се претставија со многу ентузијазам и креативност под мотото „Со нас, не за нас“. Имено, на денешниот настан имавме можност да уживаме во различни музички точки, танцови групи, модни ревии, изработки на прекрасни маички, разновидни беџови, и многу други забавни активности. Од страна на наставниците по физичко и здравствено образование од нашето училиште во текот на минатата недела беа организирани повеќе спортски натпревари: ревијален одбојкарски натпревар со ученици од ОУ„Стив Наумов“, ревијален фудбалски натпревар со ученички од 3, 4 и 5 одделение од ОУ„Тодор Ангелевски“ и повеќе спортски активности со ученици од 1 и 3 одделение од нашето училиште реализирани на часовите по физичко и здравствено образование. Наша цел е да ги поддржиме лицата со Даунов синдром и заедно со нив да ја подигнеме свеста на заедницата за важноста на инклузивното образование и еднаквите права за сите. Особено чест и задоволство ни претставува да кажеме дека активностите и настаните во целост беа поддржани од Општина Битола, а на денешниот настан присуствуваа:
    - Марина Стефановска-Јовчева, овластен просветен инспектор на Општина Битола
    - Снежана Петровска, раководител на сектор за јавни дејности на Општина Битола
    - Симона Јовеска, советник за социјални услуги за ранливи групи на Општина Битола
    - м-р Анета Ѓоргиевска, дефектолог- логопед, претседател на општинскиот совет за социјална заштита, советник во Советот на Општина Битола
    - Претставници од Здружението „Порака нова" - Струга
    - Претставници од ЦПЛИП Порака – Битола

